NSW HEALTH

***Информативен лист за заразни болести***

# Хепатитис Б

***Хепатитис Б е сериозна инфекција која се пренесува преку крв или телесни течности. Вакцинирање им се препорачува на сите деца и возрасни лица кои се изложени на опасност од болеста. За да се спречи појава на болеста се препорачува практикување на безбедни сексуални односи и користење на стерилни инструменти и прибор.***

**Последна преработка:** 6ти декември 2007

## Што е хепатитис Б?

- Хепатитис Б е инфекција на црниот дроб која ја предизвикува хепатитис Б вирусот. 'Хепатитис' е 'воспаление или отекување на црниот дроб'.
- Откако ќе се заразат, луѓето ќе се излечат од инфекцијата без да имаат понатамошни проблеми; или
- ќе станат хронично болни. Лицата со хронична инфекција понекогаш се викаат 'носители на вирусот'.
- Кај некои хронично заболени лица може да се појават здравствени проблеми кои се поврзани со инфекцијата, додека кај други нема да се појават никакви здравстени проблеми. Дали лицето ќе се излечи од инфекцијата или ќе стане хронично болно зависи воглавно од неговата/нејзината возраст: 90% од новороденчињата, 20-50% од децата на возраст од 1 до 5 години и 1-10% од постарите деца и возрасните развиваат хронична инфекција. Лицата кои се хронично заболени обично се заразни цел живот и може да развијат активен хепатитис. После многу години, како последица може да се појават компликации, на пример, цироза или рак на црниот дроб.

## Кои се симптомите?

- Многу луѓе немаат никакви симптоми во почетната фаза на инфекцијата.

- Ако се појават симптоми, тие обично вклучуваат жолтица (ожолтување на кожата и очите), темна урина, блед измет, замор, стомачни болки, губење на апетит, гадење, повраќање и болки во зглобовите.

## Како се пренесува инфекцијата?

Хепатитис Б се пренесува на други лица кога крвта или телесните течности (на пример, плунка, сперма и исцедок од вагината) што го содржат хепатитис Б вирусот ќе влезат во телото на друго лице преку:

- Гребнатинки на кожата
- Слузни мембрани
- Крвотокот со заедничко користење на заразен прибор за ставање инекции, или користење на исти игли/шприцеви после заразеното лице, повреда со убод од игла/шприц или со заразени инструменти.
- Сексуален однос со заразено лице без да се користат кондоми.
- Заразена мајка исто така може да му пренесе хепатитис Б на бебето при раѓање.

## Кој е изложен на опасност?

Во лицата кои се изложени на опасност се вклучуваат:

- Сексуални партнери на заразени лица
- Интравенски корисници на дрога
- Бебиња што ги раѓаат заразени жени
- Лица со повеќе сексуални партнери
- Мажи кои имаат сексуални односи со мажи
- Пациенти на хемодијализа
- Здравствени работници
- Деца на лица родени во земји со високи стапки на хепатитис Б
- Лица од домаќинството кои се во контакт со лица заразени со хепатитис Б
- Затвореници.

## Како се спречува болеста?

**Вакцинирање**

Вакцината против хепатитис Б е многу ефикасна во спречување на болеста.  Таа им се препорачува на:

- Сите деца и тоа откако ќе се родат и на возраст од два, четири и шест месеци. Вакцините се примаат во болницата каде што ќе се роди детето и кај вашиот локален доктор или во локалната клиника како дел од рутинската програма за вакцинирање на децата
- Сите деца на возраст од 12 години кои не биле вакцинирани кога биле бебиња.  Вакцините се нудат во средните училишта
- Лицата од домаќинството кои имаат контакт со хронично оболените лица или кои имаат сексуални односи со нив
- Мажи кои имаат сексуални односи со мажи
- Лица со полово преносливи болести
- Интравенски корисници на дрога
- Пациенти на хемодијализа

- Лица кои примаат крвни продукти за нарушена коагулација (згрутчување на крвта)
- Лица со хронично заболување на црниот дроб или хепатитис Ц
- Станарите и персоналот во установи за интелектуално онеспособени лица
- Затвореници и персонал во затвор
- Здравствени работници
- Балсамери
- Вработените во службите за итна помош.

**Како да се спрече пренесувањето на болеста**
За да го спречите пренесувањето на инфекцијата хепатитис Б:
- Вакцинирајте се
- Ако не сте се вакциниралe, употребувајте кондоми ако имате сексуални односи со нови сексуални партнери или со партнери кои се заразени со хепатитис Б
- Ако сте бремени, треба да ви направат крвна слика за да се провери дали имате хепатитис Б; новороденчињата од мајки кои имаат хепатитис Б треба да примат хепатитис Б имуноглобулин (ХБИГ) и вакцина во рок 12 часа после раѓањето
- Не користете ист прибор за ставање инекции со друго лице
- Не користете лични предмети на кои може да има крв со друго лице (на пример, жилети или четки за заби)
- Ако планирате да се тетовирате или да го дупчите телото (пирсинг), осигурете се лицето што ќе ви го прави тоа да користи инструменти кои се за една употреба или стерилни
- Лицата кои не се имуни а биле во контакт со лице заразено со ХБВ треба да примат ХБИГ и вакцина колку што е можно побрзо, и тоа во рок од 72 часа ако биле во контакт со крв; во рок од 14 дена ако имале сексуални односи.

Ако сте заразени:
- Ако имате хепатитис Б, не дарувајте крв, органи или ткиво
- Известете го вашиот доктор или заболекар дека сте заразени
- Бидете многу внимателни и осигурете се други лица да не дојдат во контакт со вашата крв или телесни течности. Исчистете ги сите дамки/излеани течности со хартиена крпа и потоа темелно со детергент и вода се додека не се отстранат сите очигледни флеки. Ако на теписонот ви се направи голема флека од крв, можеби ќе треба да ја исчистете со шампон или со пареа
- Покријте ги раните што ги имате со завој што не пропушта вода
- Користете кондоми со новите сексуални партнери и со партнери кои не се веќе отпорни на болеста.

## Како се поставува дијагноза?

Со проверка на крвта може да се види дали лицето било заразено со хепатитис Б во минатото и дали тој/таа е хронично заболен/а. Други тестови, на пример, тест за проверка на работата на црниот дроб, може да покажат дали тој е оштетен.

## Како се лекува болеста?

Некои лица може да имаат корист од посебно антивирусно лекување. Зборувајте со вашиот доктор за можните видови на лекување. Лицата со хроничен хепатитис Б треба да се грижат за црниот дроб и да примат вакцина против хепатитис А, ако веќе не се отпорни. Пиењето алкохол може да ја влоши болеста на црниот дроб.

## Како реагира здравството?

Хепатитисот Б е болест која докторите и лабораториите мора да ја пријават на надлежните органи. Персоналот на државната служба за здравство ги испитува случаите на нова инфекција за да ги утврди факторите на ризик и да помогне во контролирањето на понатамошното ширење на болеста.

## Понатамошни информации – Државни служби за здравство во Нов Јужен Велс

За повеќе информации, ве молиме, контактирајте го вашиот локален доктор, локалната државна служба за здравство или здравствениот центар во заедницата – побарајте ги под *'NSW Government'* на почетокот на телефонскиот именик 'Белите страници' (White Pages).

| **Градски подрачја** | **Место** | **Број** | **Подрачја во внатрешноста** | **Место** | **Број** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Northern Sydney/Central Coast** | Hornsby | 02 9477 9400 | **Greater Southern** | Goulburn | 02 4824 1837 |
| | Gosford | 02 4349 4845 | | Albury | 02 6080 8900 |
| **South Eastern Sydney/Illawarra** | Randwick | 02 9382 8333 | **Greater Western** | Broken Hill | 08 8080 1499 |
| | Wollongong | 02 4221 6700 | | Dubbo | 02 6841 5569 |
| **Sydney South West** | Camperdown | 02 9515 9420 | | Bathurst | 02 6339 5601 |
| **Sydney West** | Penrith | 02 4734 2022 | **Hunter/New England** | Newcastle | 02 4924 6477 |
| | Parramatta | 02 9840 3603 | | Tamworth | 02 6767 8630 |
| **Justice Health Service** | Matraville | 02 9311 2707 | **North Coast** | Port Macquarie | 02 6588 2750 |
| **NSW Department of Health** | Nth Sydney | 02 9391 9000 | | Lismore | 02 6620 7500 |
| **NSW Health:** www.health.nsw.gov.au | | | | | |